Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

RYCO
Regional Youth Cooperation Office

# ПОВИК ЗА УЧЕСТВО НА ОБУКА ЗА ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ ЗА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА И ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Канцеларијата за регионална младинска соработка (РИКО), со поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје објавува повик за учество на обука за зголемување на капацитетите за подготовка на проекти за мобилност, соработка и активизам на младите од Западен Балкан. На овој повик може да се пријават претставници на средни училишта и граѓански организации од Северна Македонија. Обуката ќе се реализира од **20 – 23 август 2019 во Хотел Скардус, Попова Шапка**

## ЦЕЛ НА ОБУКАТА:

Обуката има за цел да ги зголеми знаењето и капацитетите на граѓанските организации и средните училишта, самостојно и успешно да подготвуваат предлог-проекти, при тоа почитувајќи ги принципите на инклузивно учество на младите.

Во рамки на оваа обука, учесниците ќе се запознаат со концептите на меѓукултурно учење, помирување, младинско учество и социјалната инклузија, како и со можностите за партнерства во регионот. Обуката ќе им овозможи на учесниците да се стекнат со теоретски и практични познавања за развивање на основните елементи поврзани со проектните апликации – почнувајќи од образложувањето и оправдувањето на идејата, преку поставувањето на целите и активностите, сè до формирањето на реален буџет и добро осмислени односи со јавноста.

## ЗА КОГО Е НАМЕНЕТА ОБУКАТА:

Обуката е наменета за претставници на средните училишта и граѓанските организации во државата, кои воопшто немаат или пак имаат сосема ограничено искуство во подготовката на проекти и нивната реализација. Конкретно, следните параметри ќе бидат земени во предвид при изборот на кандидатите:

<table>
<tr><th>ПРЕТСТАВНИЦИ НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА</th><th>ПРЕТСТАВНИЦИ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ</th></tr>
<tr><td>→ Кои планираат да го водат процесот/ пишуваат предлог-проектот на својата институција</td><td>→ Кои планираат да го водат процесот/ пишуваат предлог- проектот на својата организација</td></tr>
<tr><td colspan="2">→ Кои можат во целост да се посветат на обуката</td></tr>
<tr><td colspan="2">→ Кои никогаш порано не биле носители на регионалните проекти</td></tr>
<tr><td colspan="2">→ Кои досега никогаш не биле носители или партнери на проектите кои биле финансирани од страна на Канцеларијата за регионална младинска соработка</td></tr>
<tr><td>→</td><td>→ Кои немаат реализирано проекти во вредност поголема од 10,000 ЕУР</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| → | → Кои се регистрирани помалку од 3 години |
| ! РИКО охрабрува учество на училишта и граѓански организации од помали и/или мултиетнички средини | |

**КАКО ДА СЕ ПРИЈАВИТЕ ЗА УЧЕСТВО:**

Рокот за пријавување на оваа обука е до 12 август 2019 г. Во име на едно училиште /организација може да се пријави исклучиво едно лице. Пријавувањето се врши со пополнување на следниов формулар:

https://forms.gle/eiC4PzT4eb3Hn75n8

Селекцијата на учесниците ќе биде извршена врз база на горенаведените критериуми, почитувајќи ги родовата и географската застапеност. Резултатите од селекцијата ќе бидат објавени на 14 август 2019 и селектираните кандидати ќе бидат контактирани телефонски или преку нивната е-пошта.

**ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ:**

Канцеларијата за регионална младинска соработка (РИКО) е независен институционален механизам од Западен Балкан, воспоставен со цел да го промовира духот на помирувањето и соработката помеѓу младите во регионот. РИКО поддржува проекти кои придонесуваат кон помирување во регионот преку зголемување на мобилноста на младите, нивната соработка и активизам. Со цел повеќе заинтересирани да имаат можност да одговорат на повикот на РИКО и други слични повици за поднесување на проекти, РИКО ја организира оваа обука за стекнување на вештини од оваа област.

Обуката ќе се спроведува на македонски јазик и ќе биде обезбеден превод на албански јазик.

Сите трошоци поврзани со учеството (пат, престој, храна) се обезбедени.

**КОНТАКТ:**

За дополнителни прашања или објаснувања може да се обратите до Алберт Хани, координатор на локалната Канцеларија за регионална младинска соработка во Скопје, albert.hani@rycowb.org.

*Напомена: Учеството на обуката не претставува никаква гаранција за доделување на средствата за реализација на проектните предлози од страна на RYCO.*